ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 6/23



24.02.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник во сите насловни звања по група стручно-уметнички предмети од областа на Графички дизајн (60712 Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, на 219-та седница на ННС одржана на 13.01.2023 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер“ од 14.09.2022 година, со Одлука бр. 02-41/2 од 13.01.2023 формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група стручно-уметнички предмети од областа на Графички дизајн (60712 Фраскатиева класификација), во состав: редовен професор д-р Гордана Вренцоска, претседател, вонреден професор м-р Лазе Трипков, член и вонреден професор м-р Благојче Наумоски, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања по група стручно-уметнички предмети од областа на Графички дизајн се пријави кандидатот **вон. проф. м-р Христијан Санев**. Кандидатот, согласно распишаниот конкурс, достави Пријава, уверение за државјанство, извод од матична книга на родени, професионална биографија со соодветни податоци, дипломи за завршено високо образование и магистерски студии и прилози (Портфолио со реализирани уметнички и стручни трудови, педагошка дејност, сертификати и други прилози).

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ-Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**Христијан Санев** е роден на 25.12.1975 во Скопје, Р Македонија и е државјанин на Р.С. Македонија и Р. Хрватска. По завршување на основното училиште, своето ликовното образование го започнува во средното уметничко училиште “Лазар Личеноски” од Скопје, каде и матурира на отсекот графика во 1994 година. Својата ликовна наградба ја продолжува на Факултетот за ликовни уметности во Скопје и дипломира на насоката графика во класата на проф. Димитар Малиданов во 1999 година. Во 2003 година магистрира на истоимениот факултет во класата на м-р Мирко Вуисиќ на тема “Призвукот на духовната традиција” и се стекнува со титулата Магистер по графика. За време на студиите е дел од студентската размена со Ликовната Академија во Нирнберг, Германија, каде заминува на 1 месечен студиски престој. Во 1999 година во соработка со Факултетот за Ликовна Уметност од Цетиње, Црна Гора, заминува во Цетиње каде одржува неделен курс за рачно правење хартија. Неговото академско образование го надополнува и со уште една диплома од завршените студии на Универзитетот Париз 8, Париз, Франција на одделот за применета уметност во 2006.

Во својата ликовна кариера Санев има реализирано повеќе самостојни изложби во Македонија и надвор од нејзините граници, а учествува во повеќе од 40 домашни и меѓународни групни изложби. Од 2008 до 2011 година, тој бил сопственик и директор на

Ликовната галерија “Арт’ест” во Париз, Франција. Од 2015 до 2019 година бил претседател на Друштво на Ликовни уметници на Македонија – ДЛУМ.
Графичкиот дизајн е уште едно поле на кое м-р Санев е професионално активен. Автор е на дизајн решенија за печатени публикации, повеќе логоа и логотипови, корпоративни материјали, веб-страници и мобилни апликации. Од 1994 до сега работел проекти за повеќе клиенти во Р. Македонија и Франција. Бил Арт директор во маркетинг агенцијата “Omni Events” / “Omni Creative” од 2011 до 2014 година, а од 2015 година вработен со редовен работен однос во IT компанија 4Виртус, агенција за дигитален маркетинг на позиција Арт директор. Од 2018 година е вработен со редовен работен однос во ПР и маркетинг агенцијата Елемент ПР, на работна позиција Креативен директор. Од многубројните реализирани проекти, промоции и настани, визуелните и графички решенија на Санев се застапени речиси во целата индустрија. Од поголемите и позначајни клинети како: Окта, Витаминта, Филип Морис, Мериот Хотел, Дистрикт, Слога пром, Макстил, Еуроникел, Телеком, и др, Санев се јавува и како одговорен за визуелниот дел на кампањата на Данела Арсовска за градоначалник на град Скопје во 2021.

Од 2013 година па сè до денес, ангажиран е на Европскиот универзитет – Скопје како насловен доцент а потоа и насловен вонреден професор на Факултетот за арт и дизајн, каде предава предмети од областа на Графичкиот дизајн.

**<u>Високо образование:</u>**
2006 - Диплома за завршени студии по применета уметност, „Универзитет Париз 8“, Париз
2003 – Магистер по ликовни уметности од област графика, Факултет за ликовни уметности – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
1999 – Дипломиран графичар со рачна изработка на хартија, Факултет за ликовни уметности – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

**<u>Работно искуство:</u>**
1994 - хонорарни ангажмани во областа на графичкиот дизајн
2003 – 2005 надворешен соработник за продукциската куќа “Images Plus”
2008 – 2011, сопственик и директор на Ликовната галерија “Арт’ест” во Париз, Франција
2011 – 2014, Арт директор во маркетинг агенцијата “Omni Events” / “Omni Creative”
2015 – 2018, Арт директор во 4Виртус, агенција за дигитален маркетинг
2018 – денес, Креативен директор во ПР и маркетинг агенцијата Елемент ПР

**<u>Членства и асоцијации:</u>**
2009 - член на ДЛУМ, Друштво на ликовни уметници на Македонија. Од 2015до 2019 е и претседател на здружението. Од 2015 е член на Управниот одбор.
2004 - член на La Maison des Artistes, Париз, Франција

## 2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

**<u>Самостојни уметнички изложби:</u>**
2014 - Скопје, Р. Македонија, Отворено графичко студио, изложба на графики
2010 - Скопје, Р. Македонија, Музеј на Град Скопје, изложба на графики
2010 - Куманово, Р. Македонија, Културен центар „Трајко Прокопиев“,изложба на графики
2010 - Битола, Р. Македонија, Ликовна Галерија „Магаза“,изложба на графики
2010 - Кавадарци, Р. Македонија, Културен Центар, изложба на графики
2009 - Париз, Р. Франција, Центар за анимација, изложба на графики
2006 - Париз, Р. Франција, Амбасада на Република Македонија, изложба на графики
2004 - Скопје, Македонија, Културно - Информативен Центар, изложба на графики

**Селектирани групни уметнички изложби:**

**2020** – Скопје, Париски сигнатури 2, Галерија Акантус
**2019** – Организација и учество во Графичко биенале, Музеј на Град Скопје
**2019** - Скопје, Хотел Арка, изложба од меѓународна колонија Скопје
**2019** – Учество во изложбата на 9-тата меѓународна научна конференција на ЕУРМ „Новите парадигми на инклузивното оптшество“, Галерија КО-РА
2018 - Организација и учество на „ДЛУМ годишна изложба“ изложба на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, Национална галерија на Македонија – објект „Мала станица“, Скопје, Македонија
**2017** - Скопје, Македонија, “ОУ – УС, Галерија ДЛУМ, Дом на АРМ
- Риека, Хрватска, “Корени, Порти, Портали, Патишта и Патокази”, Галерија Дворец Тракошќан
**2016** - Скопје, Македонија, „Exit –Entrance; ПАТУВАЊА“, Меѓународната изложба, Мала Станица, Национална галерија на Македонија
- Белград, Р. Србија, “Померање граница”, Музеј на Применета уметност,
- Скопје, Македонија, “Минато – Сегашност – Иднина”, 70г. ДЛУМ, Мала Станица, Национална галерија на Македонија
- Загреб, Р. Хрватска, “Ликовни средби Вугровец” , Меѓународна изложба, Галерија Владимир Филаковац
- Скопје, Македонија, “Фемина 8-II”, КИЦ - Културно информативен центар – Скопје
- Скопје, Македонија, “Корени, Порти, Портали, Патишта и Патокази”, Галерија КО-РА, Дом на градежните Кочо Рацин
- Скопје, Македонија, “КОЛЕКТИВ 20.04.2016”, Галерија КО-РА, Дом на градежните Кочо Рацин
**2015** – „Мал формат “, изложба на ДЛУМ. Културно информативен центар – Скопје
**2014** – Скопје, Македонија, ДЛУМ – Експериментален цртеж
**2010** - Скопје, Македонија, ДЛУМ - Изложба на цртеж и графика
- Скопје, Македонија, КИЦ - Изложба „Црвени утра“
**2009** - Софија, Бугарија, 68 Македонски уметници во Софија
**2007** - Криел сур Мер, Франција, 39ти салон на сликарство и скулптура
- Париз, Франција, Групна изложба на уметници од 12ти кварт, Општина на 12 кварт
**2006** - Гиза, Египет, 5то Египетско интернационално графичко триенале, Национален центар за уметност
**2004** - Париз, Франција, Салон за современа уметност
**2003** - Скопје, Македонија, 6то биенале на Млади Уметници, Музеј на Современа Уметност
**2001** - Клуј, Романија, 3то Интернационално биенале на мала графика Клуј-2001, Национален музеј за Уметност Клуј-Напока
- Скопје, Македонија, 5то Биенале на Млади Уметници, Музеј на Современа Умјетност
**2000** - Виронвал, Белгија, 10та интернационална изложба на мал формат, Музеј за мала уметност
- Битола, Македонија, 3то Интернационално Графичко Триенале, Битола 2000, Музеј и галирија Битола
- Рациборз, Полска, 3то Меѓународно бианале на мала графика, Галерија Зихди
- Скопје, Македонија, 10то Студентско Интернационално Арт Биенале (СИАБ), Музеј на Град Скопје
- Цеу, Кореја, 1ви Интернационален графички фестивал, Студентски културен центар Чеу
- Скопје, Македонија, Графички Експеримент 2, Галерија “Отворено графичко студио”
**1999** - Клуј, Романија, 2ро Интернационално биенале на мала графика Клуј-1999, Национален музеј за Уметност Клуј-Напока
- Ријека, Хрватска, 2ра Меѓународна изложба екс либрис, Галерија Кортил

- Карбунари, Романија, Интернационален мал графички салон, Флореан Музеј
**1998** - Софија, Бугарија, 2ро Меѓународно графичко триенале, Уметнички Павиљон
- Тераса, Шпанија, Меѓународна изложба на минијатурна графика МИГ'98
- Буенос Аирес, Аргентина, Меѓународен екс либрис натпревар: 50 Години Израел, Палатата на мразот
- Рациборз, Полска,2ро Меѓународно бианале на мала графика, Галерија Зихди
- Белград, Југославија, 5то Бианале на графика Белград '98, Уметнички павилјон Цвета Зузориќ
- Виронвал, Белгија, 9та интернационална изложба на мал формат, Музеј за мала уметност
- Намур, Белгија, Графичка изложба по повод 50год. Постоење на совет за човекови права, Музеј Ф. Ропс
**1997** - Портланд, САД, Интернационална графичка изложба, Музеј на уметност Портланд
- Харков, Украина, Меѓународно трианале на графика и плакат Блок 4
- Ријека, Хрватска, 1ва Меѓународна изложба екс либрис, Галерија Кортил
- Канагава, Јапонија, 19та Независна изложба на графика во Канагава, Галерија на префектура Канагава
**1996** - Гиза, Египет, 2ро Египетско интернационално графичко триенале, Национален центар за Уметност
**1995** - Канагава, Јапонија, 18та Независна изложба на графика во Канагава, Галерија на префектура Канагава

**Учество на ликовни колонии:**

Скопје, Македонија; Раб, Хрватска; Измир, Турција; Загреб, Хрватска; Кавадарци, Македонија; Сребреник, Босна и Херцеговина.

**Објавени текстови од областа на ликовната уметност:**

Христијан Санев, "Рефлексија" – текст за каталог, ликовна изложба на Маја Рауниќ Кирков
Христијан Санев, "ЗАПИСИ 2 (линија, форма, симбол)" – текст за каталог , ликовна изложба на Горан Јованов
Христијан Санев, текстови за каталог на изложби на ДЛУМ (Друштво на ликовни уметници на Македонија).

**Учество на семинари, конференции, средби:**

CISAC / EVA Visual Arts Regional Conference, Словенија
Карим Рашид, дводневен семинар, Србија
Палич, Србија, Ликовни средби
Меѓународна конференција „Новите парадигми на инклузивното општество", Европски универзитет и изложбата на конференцијата во КО-РА.

## 3. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Селектирани проекти од областа на графичкиот дизајн:**

**Графички дизајн на печатени промотивни материјали**

Дизајн на каталог, покана и плакат „**Зимски салон**" 2018, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на плакат, **"Скопско лето 2017"** – Македонија
Дизајн на книга „**Владо Маленко, археолог од древниот Охрид**", Македонија
Дизајн на корица за именик и билборд за „**Златна книга 2016**", Македонија
Дизајн на брошура **"Панекс"** – реклама за Глампинг продукти, Македонија
Дизајн на брошура за **MIQ – Македонски Институт за квалитет**, Македонија

Дизајн на брошура за **Рударски институт**, Македонија
Дизајн на плакат за **Jazz radio – Спас за Џез радио**, Македонија
Дизајн за музичко ЦД, **Бас и Глас**, Македонија
Дизајн на промотивен материјал, **"АутоХоф"**, ресторан, Македонија
Дизајн на каталог, покана, плакат, билборд, **„Зимски Салон"** Македонија
Дизајн на билборд, **Прослава за ден на рударите**, Македонија
Дизајн на мени карта за сладоледи **„Трендисимо"**, Македонија
Дизајн на корпоративни материјали за **„Deni Logistics"** – Хрватска
Дизајн на корпоративни материјали за салон за убавина **M – Nail**, Белград, Србија
Дизајн на корпоративни материјали за **„Fueloyal"**, САД
Дизајн на каталог **„Скопски урбани приказни"** ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог и покана **„Рефлексија"** ликовна изложба на Маја Рауниќ, Македонија
Дизајн на каталог, покана и плакат **„Графичко интернационално биенале"** ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог **„Портретирани сеќавања"**, ликовна изложба на Јана Манева Чупоска, Македонија
Дизајн на корпоративни материјали за **„Time for Macedonia"**, Македонија,
Дизајн на корпоративен идентитет, продукт и амбалажа **"Pargo"**, моден бренд на Катерина Ивановска, Македонија
Дизајн на пропаганден леток за **„ЕУРМ"**, Скопје, Македонија
Дизајн на насловна корица на билтен за **„ЕУРМ"**, Скопје, Македонија
Дизајн на каталог **„ДЛУМ Графика"**, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог **„Мал формат"**, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог **„МиниАртура"**, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог **„Годишна изложба - ДЛУМ"**, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на каталог **„Експериментален цртеж"**, ликовна изложба, Македонија
Дизајн на корпоративни материјали за **„2nd Euromed Seminar on eSignature"** Барселона, Шпанија
Дизајн на корпоративни материјали за **„ La Unión Europea y el rol del sector privado dominicano en el desarrollo** " Санто Доминико, Доминиканска Република
Дизајн на корпоративни материјали за **„Culture for Cities and Regions"** Виена, Австрија
Дизајн на корпоративни материјали за **„EU-Brazi Civil Society Human Rights Seminar"** Рио де Женеиро, Бразил
Дизајн на корпоративни материјали за **„SUPPORT TO CIVIL SOCIETY ORGANISATIONS (CSO) IN THE TURKISH CYPRIOT COMMUNITY THROUGH INTER-ALIA TAILOR MADE ASSISTANCE, TRAININGS, CAPACITY BUILDING AND NETWORKING WITH GREEK CYPRIOT AND OTHER EUROPEAN UNION'S CSO"** Никозија, Кипар
Дизајн на корпоративни материјали за **„Consultation on Private Sector Communication"** Брисел, Белгија

**Графички дизајн на лого и логотип:**
Дизајн на лого **„COVER"**, дневен информативен портал, Хрватска
Дизајн на лого **„Fueloyal"**, САД
Дизајн на лого **„DS-Truck"**, сервис за камиони, Македонија
Дизајн на лого **„Deni Logistic"**, транспорт и шпедиција, Хрватска
Дизајн на лого за сладоледи **„Трендисимо"**, Македонија
Дизајн на лого за училиште за кошарка **Hoop Anbasadors**, Канада
Дизајн на лого **„Blvd 13"**,дневен информативен портал, Хрватска
Дизајн на лого **"Pargo"**, Моден бренд, Македонија

Дизајн на лого за „**Time for Macedonia**", туристичка агенција, Македонија
Дизајн на лого „**ДЛУМ 70г**", Друштво на ликовни уметници на Македонија
Дизајн на лого „**Milanovik**", производство на егзотично овошје, Македонија
Дизајн на лого **"Владимир Атанасовски",** Адвокатска канцеларија, Македонија
Дизајн на лого **"Михалоски",** Адвокатска канцеларија, Македонија
Дизајн на лого **"Doctor content",** Веб портал, Македонија
Дизајн на лого **"Orbisales",** Програм за мерчендајзинг на производи, Македонија
Дизајн на лого **"Trend BB",** Тренд хотел, Македонија
Дизајн на лого **"Страници за иднината",** Мкедонско/Бугарска комора, Македонија
Дизајн на лого **"Cake Decorating tools",** Веб портал за подготовка на храна, Македонија
Дизајн на визуелен идентитет на туристичкиот глампинг ресорт **Abeille Maison,** во хрватска, со кој оваа година и се номинирани за награда во категоријата LODGES, CABINS & TENTED CAMPS, на престижната манифестација Ahead Europe 2022 во Лондон

**Графички дизајн за дигитален маркетинг:**
**Facebook, Instagram**
Дизајн за промоција на производи „**Gorenje",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Vitalija",** Косово/Албанија
Дизајн за промоција на производи „**Рептил маркет",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Силк Роад Банка",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Certus",** Македонија
Дизајн за промоција на активности „**Фискална Транспарентност Македонија",** Македонија
Дизајн за промоција на активности „**ЕСЕМ",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Samsung",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Мотоцентар",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Кадино",** Македонија
Дизајн за промоција на производи „**Burger Friends",** Македонија

**Веб дизајн, мобилни апликации:**
Дизајн на веб сајт „**Cover**" Хрватска https://cover.style/hr/
Дизајн на веб сајт „**Маркет конект**" Македонија, http://marketkonekt.com
Дизајн на веб сајт „**Glamping**" Македонија, http://myglamping.eu
Дизајн на веб сајт „**Deni Internacional**" Македонија, http://www.deniint.com.mk Дизајн на веб сајт „**University American College**" Македонија, http://www.uacs.edu.mk
Дизајн на веб сајт „**Vero**" Македонија, http://vero.com.mk
Дизајн на веб сајт „**Time for Macedonia**" Македонија, http://timeformacedonia.com
Дизајн на веб сајт „**ДЛУМ**", Македонија, http://dlum.mk
Дизајн на веб сајт „**Силк Роад Банка** " Македонија, во изработка
Дизајн на веб сајт „**Van Hool**" Македонија, во изработка
Дизајн на веб сајт „**Blvd 13**", Хрватска, во изработка
Дизајн на веб сајт „**Animal Travel**", Германија, https://animal.travel во изработка

**Мултимедија – анимации, реклами, видеа:**
Најавни шпици и џинглови за ТВ емисии, **"MakFax"** – Македонија
Најавна шпица за емисија, **"Репортер"** – Македонија
Пропагандно корпоративно видео, **"4Виртус"** – Македонија
Рекламно анимирано видео, **"Fueloyal"** - САД
Телевизиски рекламни Спотови, **"Дени Интернационал"** – Македонија
Телевизиски рекламен PopUp, **"Дени Интернационал"** – Македонија
Анимиран рекламен веб банер,**"AutoHof"** – Македонија
Рекламно анимирано видео, **"Фискална транспарентност Македонија"**

Рекламно анимирано видео, **“ЕСЕМ”** - Македонија
Рекламно анимирано видео, **“Силк роад Банка”** - Македонија
Рекламно анимирано видео, **“Рептил Маркети”** – Македонија
Рекламно анимирано видео, **“Виталија”** – Косово/Албанија
Пропагандно корпоративно видео, **“7 години ЕУРМ”** – Македонија
Рекламно анимирано видео, **“Саем на Жена”** – Македонија

## 4. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Настава на Факултетот за арт и дизајн:**
**Предмети во прв циклус:**
Компјутерско дизајнирање, Основи на типографија, Дизајн на книга, Дизајн на печатени медиуми, Мултимедија 1, Графички дизајн 2.
**Предмети во втор циклус:**
Мултимедија, Графички дизајн 3, Графички дизајн 4, Методологија на истражување.

**Менторства на Факултетот за арт и дизајн 2013 – 2017:**
Ментор на 6 дипломски трудови и 1 магистерски труд. Претседател на комисија за 4 магистерски трудови. Член во комисија на 20 дипломски трудови. Акредитација за ментор на студенти на втор циклус на студии од Министерство за образование и наука на Р. Македонија во 2017 година (*со ЗВО од 2018 можноста за менторирање на магистерски трудови на насловните професори им беше укината*).

**Авторизирани предавања:**
Компјутерско дизајнирање, ЕУРМ Скопје
Основи на типографија, ЕУРМ Скопје
Дизајн на книга, ЕУРМ Скопје
Дизајн на печатени медиуми, ЕУРМ Скопје
Графички дизајн 2, ЕУРМ Скопје
Мултимедија, ЕУРМ Скопје

**Вон-наставни активности**
Учество во подготовките на Годишните изложби на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 0 2021, како и во подготовки на други студентски изложби. Учество во факултетската изложба Артерија-Антерија, Моден викенд Скопје 2015.
Учество во организација на студентски практики во фирми за маркетинг и графички дизајн.

## РЕЦЕНЗИЈА

**Христијан Санев** е кандидат со значајно професионално уметничко, дизајнерско и педагошко искуство. Ликовната уметност, поточно **графиката** е фокусот на неговото образование и професионална кариера во **стручно-уметничките сфери**. Тој досега реализирал 8 самостојни изложби во Р. Македонија и во Р. Франција. Учествувал во голем број групни уметнички изложби во Р. Македонија, Египет, САД, Франција, Белгија, Јапонија, Јужна Кореја, Р. Хрватска, Србија, и други земји. Во своето творештво Санев ја докажува посветеноста на графиката и чистиот графички израз. Иако во последните години експериментира со медиумите што ги користи во својата работа, забележлив е

минималистичкиот пристап и доследната примена на неговиот препознатлив стилизиран графички јазик.

Освен творечката дејност, овде е и неговата дејност како галерист. Од 2008 до 2011, тој е сопственик и директор на Ликовната галерија "Арт'ест" во Париз, Франција. Исто така, важно е да се спомене и ангажманот на Христијан Санев како претседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, функција што ја извршуваше од 2015 до 2019 година година, а до сега е член и на Управниот одбор на ДЛУМ. Здружението постои повеќе од 75 години и е најбројното и најреномирано здружение во земјата од областа на ликовната уметност.

**Стручно-апликативната дејност** на кандидатот опфаќа долгогодишно искуство и творечка активност како графички дизајнер, арт директор и креативен директор. Во портфолиото на Христијан Санев има голем број реализирани решенија од областа на графичкиот дизајн како во доменот на печатените медиуми, така и во доменот на мултимедијата и новите дигитални медиуми: дизајн на плакати, покани, каталози, брошури, книги, амбалажа, логоа и логотипови, рекламни кампањи, ТВ спотови, анимации, веб страни, мобилни апликации, дизајн решенија за социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. Покрај успешното владеење на визуелните вештини, забележливо е широко познавање на техничките вештини потребни за работа со мултимедијата. Активното бавење со проекти од областа на графичкиот дизајн на кандидатот му овозможува директно пренесување на искуствата во наставата и работата со студентите, што е голема предност на наставник во оваа област.

Неговата професионална кариера во графичкиот дизајн започнува уште во 1994 година со дизајн на амбалажа на производ "Течно чоколадо". Од позначајните реализирани проекти до крајот на 90-тите години се издвојува дизајнот за анимирани рекламни спотови (најавни шпици за вести) за А1 телевизија, целосен концепт и дизајн на детската игра "Трики", автор на истоимената детска емисија, Little Big Stories, Ликовна изложба, Шведска - Графички дизајн на каталог, Wanderland, Училиште за Англиски јазик – Корпоративен идентитет. Работел за дизајн студија и агенции за маркетинг како: "Images Plus", Франција, "Omni Events" / "Omni Creative", 4Виртус, Елементи ПР, каде најчесто бил во улога на арт директор.

Меѓу големиот број на клиенти за кого дизајнирал, се и Македонската амбасада во Франција, ОФФ – Оркестар на Француски Флејти – Париз, Medicus Help, МАСИТ, Deni internacional, Списание за здрава храна "Мега", ATC Consultants од Виена, Самсунг, Горење, Американ колеџ, Виталија, Рептил маркети, Дирекција за култура и уметност и други, Град Скопје, и други.

Во портфолиото на Санев се истакнуваат значајниот број на дизајн проекти од културата и уметноста, меѓу кои и графичкото обликување на печатените материјали и на визуелниот идентитет на ДЛУМ.

Во своите графички решенија кандидатот вткајува рафиниран и прочистен графички стил стекнат преку долгогодишното образование од областа на ликовната и применетата уметност и творечкото искуство.

**Наставно-образовната дејност** на кандидатот Христијан Санев започнува во 2013 година. На Европскиот универзитет, Факултет за арт и дизајн го добива статусот на насловен доцент и станува дел од Катедрата за графички дизајн. Тој до сега бил наставник за предметите: Компјутерско дизајнирање, Основи на типографија, Дизајн на книга, Дизајн на печатени медиуми, Графички дизајн 2, Мултимедија 1 (прв циклус), Мултимедија, Графички дизајн 3 и Графички дизајн 4 и Методологија на истражување (втор циклус). Во рамките на наставата, со обврската да се подготвува материјал во форма на авторизирани предавања, тој понуди соодветна литература за студентите од областите кои ги предава. Христијан Санев бил ментор на повеќе дипломски трудови и еден магистерски труд, како и претседател/член на стручни комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови. Активно учествувал во подготовките на Годишните изложби на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ и други

проекти кои се релизираат на Факултетот. Во 2018 година бил избран во звање насловен вонреден професор по група предмети од областа Графички дизајн. Во 2019 учествувал на Меѓународната конференција „Новите парадигми на инклузивното општество“, Европски универзитет и во рамки на изложбата на конференцијата во КО-РА.
Заради својот активен ангажман во компании од областа на маркетингот и графичкиот дизајн, Санев дал и свој значаен придонес кон обезбедување на студентска практика за насоката графички дизајн.

**КОНСТАТАЦИЈА**

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал кандидат со значајна биографија во која се потврдуваат следните констатации:

- кандидатот Христијан Санев има завршено соодветно високо образование - магистерски студии;
- кандидатот Христијан Санев приложи професионално портфолио со признати уметнички и стручни дела од областа на ликовната уметност и графичкиот дизајн;
- кандидатот членува во стручни здруженија од областа на уметноста, бил претседател на ДЛУМ од 2015 до 2019 година; како и член на Управниот одбор на ДЛУМ од 2015 година;
- кандидатот има повеќегодишно искуство како наставник – првин како насловен доцент, а потоа и насловен вонреден професор на високообразовната институција Факултет за арт и дизајн, Евопски универзитет, Скопје, со предмети од областа на Графичкиот дизајн;
- кандидатот има објавено неколку учебници (авторизирани предавања) од областа на Графичкиот дизајн;

**5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Графички дизајн“ (60712 Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, објавен на 14.09.2022 година во весникот „Вечер“, се пријави еден кандидат м-р Христијан Санев.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ја неговата досегашна стручно-уметничка, стручно-апликативна и наставно-образовна дејност, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет, Скопје, да го избере **кандидатот м-р Христијан Санев во насловно звање вонреден професор по група стручно-уметнички предмети од областа Графички дизајн**, согласно член 175 став 1 и 182 од Законот за високото образование.

Скопје, февруари 2023

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Ред. проф. д-р Гордана Вренцоска**, претседател

**Вон. проф. м-р Лазе Трипков**, член

**Вон. проф. м-р Благојче Наумоски**, член